КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ НА ВЛАДА НА РМ

Скопје, 24.12.2010 год.

Почитувани,

Во духот на превентивните и едукативни активности на Координативното тело за интелектуална сопственост на Владата на Република Македонија, сакаме да Ве информираме дека во Република Македонија е донесен и стапи во сила новиот Закон за авторско право и сродните права („Службен весник на РМ" 115/2010).

Новиот Закон за авторско право и сродните права (во понатамошниот текст: ЗАПСП) е во согласност со меѓународните конвенции и договори што Република Македонија ги има прифатено и е целосно усогласен со Директивата на Европската Унија за спроведување на правата од интелектуалната сопственост (enforcement).

Со новиот ЗАПСП за повреда на авторското право и сродните права (филм, музика, компјутерски програми, книжевни дела, уметнички дела, реемитирање на телевизиска програма и сл.) не се предвидени прекршочни санкции, туку се применува Кривичниот законик на Република Македонија. Тоа значи дека секое неовластено располагање и користење со туѓо авторско право и авторско дело, независно дали се работи за филм, музика, компјутерски програми, книжевни дела, уметнички дела, реемитирање на телевизиска програма и сл., ќе се санкционира како кривично дело (член 157, 157-1, 157-б, 157-в и член 286). За сторителите на овие дела Кривичниот законик на РМ предвидува парична казна и казна затвор до 5 (пет) години.

Со цел да Ве информираме за направените промени во законската регулатива, но и да Ве поттикнеме да извршите проверка на Вашите договори за да утврдите дали легално сте ги откупиле Вашите авторски и сродни права, проверете дали имате склучено валидни договори и дали имате фактури на кои јасно и недвосмислено е наведено дека сте го откупиле авторското право за компјутерската програма што ја користите на Вашиот компјутер, за филмот и музиката што ги емитувате и/или ги реемитувате на Вашата РТВ-организација, за телевизиската програма што ја реемитувате преку Вашата кабелска телевизија, за книжевното дело што го објавувате и сл.

Се надеваме дека нема да дозволите при проверките на надлежните државни органи да се утврди дека Вие и Вашата фирма сте го повредиле законот и соодветно да бидете казнети за тоа.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**НА КООРДИНАТИВНОТО ТЕЛО ЗА**

**ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ**

Мите Костов,